Агенција за вработување на
Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 29.03.2016 година, објавува

# Ј А В Е Н  П О В И К

## до работодавачите и невработените млади лица до 29 години за вклучување во мерката
## Практиканство 2

Сите работодавачи од приватниот сектор, заинтересирани да им овозможат на младите лица на возраст до 29 години да се стекнат со практични знаења и вештини како практиканти, за период од 3 до 6 месеци, се повикуваат да земат учество во проектот, да поднесат пријава во работните клубови во центрите за вработување на АВРМ.

- **Опис на практиканството**

Целта на оваа програма е превентивно делување кај младите невработени лица заради зголемување на нивната вработливост со што ќе им се овозможи подготвени да се вклучат на пазарот на трудот. Поддршката за стекнување на одредени знаења и вештини кај работодавач од приватниот сектор ќе се обезбеди за лица со средно и високо образование, постдипломците и други евидентирани невработени лица до 29 -годишна возраст кои немаат работно искуство согласно со последното ниво или профил на образование.

- **Услови и критериуми**

Со оваа програма се планира да бидат опфатени млади невработени лица до 29- годишна возраст, лицата со средно и високо образование и постдипломците за период од 3 до 6 месеци. Оваа Програма едно невработеното младо лице може да ја користи само еднаш. Лицата кои учествувале во Програмата за практиканство согласно со оперативните планови за активни програми и мерки за вработување во предходните години немаат право на учество во оваа Програма.

При утврдување на бројот на практикантите кај работодавачите, ќе се имаат во предвид следниве правила и процедури:

- Договорот за практична работа меѓу работодавачот, практикантот и Агенцијата за вработување на Република Македонија се склучува на минимум 3 месеци до максимум од 6 месеци;
- Образованието на практикантот треба да е соодветно на описот на работното место за кое се ангажира;
- По завршувањето на праксата, практикантот и работодавачот се должни да пополнат Образец за оценка на практикантската работа.

Работодавачот каде се спроведува практичната работа е должен да:

- обезбеди услови за вршење на практикантската работа согласно со договорот,
- обезбеди осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување;
- обезбеди ментор кој ќе ја спроведува обуката;
- му наложи на менторот континуирано да се грижи за практикантите и нивните активности и соодветно да ги насочува, поттикнува и оценува;
- обезбеди материјали и средства за вршење на практикантската работа;
- обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
- обезбеди други услови за кои меѓусебно тие се договориле и
- работодавачот ако има потреба може да му обезбеди финансиски надоместок на практикантот до 6.200 денари на месечна основа со вклучен персонален данок на доход.

- **Постапка за аплицирање**

  Заинтересираните работодавачи и невработените лица пријави можат да поднесат во работните клубови во центрите за вработување на АВРМ, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот. Јавниот оглас ќе трае до целосно пополнување на предвидениот број согласно оваа Програма .

  Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на РМ, работодавачите и невработените лица.

Јавниот повик исто така е објавен и на следните веб страни:

- Агенција за вработување на Рпублика Македонија (АВРМ) www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика (МТСП) www.mtsp.gov.mk;

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА